# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 12, Декември 2014 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИОТ СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

**11.12.2014**

На ден 11.12.2014 год. во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Сојузот на Синдикатите на Македонија- ССМ и Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе.

Меморандумот за соработка го потпишаа претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и Ректорот на овој универзитет, проф. д-р Душан Николовски. На потпишувањето на меморандумот присуствуваа и високи претставници од универзитетот, меѓу кои и генералниот директор, м-р Борче Серафимовски, Проректорот, проф. д-р Александар Гроздановски и Деканот на Факултетот за правни науки, д -р Александар Илиевски.



Потпишан меморандумот за соработка

Двете страни потписнички се обврзаа дека соработката ќе ја остваруваат преку заемна едукација на работниците и студентите.

По потпишувањето на меморандумот за соработка беше организирана и прес- конференција за новинари. На оваа прес- конференција претседателот на ССМ, д-р Митревски, го истакна своето задоволство од потпишувањето на меморандумот и ја нагласи потребата од ваквиот вид на соработка, која за ССМ ќе има големо значење во поглед на подигнување и зајакнување на капацитетите, како на вработените, така и на целокупното членството на ССМ. Преку овој облик на соработка ќе се образуваат и студентите како млади кадри за значењето и улогата на синдикатот, а исто така оваа соработка е од големо значење поради претстојното отварање на едукативниот центар во ССМ за кое ќе биде потребно ангажирање на еминентни професори од обласата на правото и безбедноста и здравјето при работа. Овој универзитет е единствен во Македонија кој овозможува едукација на стручни лица за безбедност и здравје при работа.Овој настан претседателот д-р Митревски, го искористи и да оствари средба и работна посета на универзиетот. Од страна на претставниците на универзитетот, на претседателот му беше објаснета целокупната поставеност и функционирањена универзитетот, нивната заложба и начинот на работа.

# СГИП И СШДЕ ПРИМЕНИ ПОД УСТАВНО ИМЕ КАКО РАМНОПРАВНИ ЧЛЕНКИ ВО ЕВРОПСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И ДРВНА ИНДУСТРИЈА - EFBWW

**16.12.2014**

На 19.11.2014-та година Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија- СГИП и Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на Република Македонија - СШДЕ се примени како членки во Европската федерација за градежништво и дрвна индустрија EFBWW каде ќе ја претставуваат Република Македонија под уставното име пред синдикатите од земјите членки на ЕУ. Овој настан е од особена важност за нашите синдикати и за Република Македонија бидејќи во Европската федерација за градежништво и дрвна индустрија EFBWW членуваат само синдикати на земји членки на Европската унија. Со ова членување СГИП и СШДЕ влегуваат во фамилијата на синдикатите за градежништво и дрвна индустрија со земјите од Европска унија и ќе учествуваат во активностите на Европско ниво во интерес на своите членови. Со ова СГИП и СШДЕ стануваат членови на уште една меѓународна организација, со цел за подобрување на правата на своите членови. По повод приемот на нашите синдикати во EFBWW се одржа прес конференција каде пред своите членови се обратија Претседателот на СГИП Павел Трендафилов и Претседателот на СШДЕ Живко Митревски.



Прес конференција

# ПРЕС- КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ОДНОС НА ЗАКОНСКИТЕ ИЗМЕНИ ЗА ХОНОРАРНИТЕ РАБОТНИЦИ

**16.12.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес- конференција по однос на законските измени за хонорарните работници. На прес- конференцијата свое обраќање имаше претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.На прес- конференцијата Сојузот на синдикатите на Македонија ги подржаа законските измени кои се однесуваат на плаќањето придонеси за хонорарните работници.

- „Ставот на ССМ е јасен и беше кажан пред еден месец, истовремено и на состанокот на ЕСС, каде што сите социјални партнери ги поддржаа измените. За нас како синдикат значајно е овие работници да бидат внесени во системот на социјални осигуреници – за секој труд да биде валоризиран и да биде платен и со пензиско и со здравствено осигурување. Со донесувањето на овој закон ќе се елиминира големата нелојална конкуренција и ќе се елиминира еден голем дел на работници кои работеа во сива економија и не можеа да бидат заштитени. Според анализите голем дел од вработените во приватниот сектор работат а и се вработени со минимална плата, кај останатите беа правени злоупотреби односно еден дел беа ставени како хонорарци и беа елиминирани од сите работнички права“, изјави претседателот, д-р Живко Митрески.

# ПРЕС- КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ВРСКА СО ЗАКОНСКИТЕ ИЗМЕНИ ЗА ХОНОРАРНИТЕ РАБОТНИЦИ

**17.12.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес- конференција во врска со законските измени што се однесуваат на плаќањето придонеси за хонорарните работници. На прес- конференцијата свое обраќање имаше Анѓелко Анѓелковски, Секретар на ССМ, а воедно и претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ (СТКЧ) и Методија Димевски, претседател на Синдикатот за сообраќај и врски на РМ (СРСВМ).



Претседателот на СТКЧ, Анѓелко Анѓелковски и претседателот на СРСВМ, Методија Димевски на прес- конференцијата

На прес- конференцијата синдикатите ги подржаа законските измени кој се однесуват за хонорарните работници.

- „Сојузот на синдикати на Македонија ги поддржува сите измени кои водат кон тоа на работниците да им биде изрегулиран работниот однос, на начин кој што ги предвидуваат законите, а тоа значи, да бидат пријавени, да ги остваруваат своите социјални и економски права низ законска регулатива и нивниот труд да биде валоризиран. Оваа измена со сигурност ќе помогне и во намалувањето на сивата економија во делот на пријавениот и непријавениот труд “, истакна Анѓелко Анѓелковски, Секретар на ССМ а воедно и претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ (СТКЧ).

# ПРОМОВИРАН СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА ЛОКАЛНО ЕКОНОМСКИОТ СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ 2014-2018



Претседавачот на ЛЕСС – Град Скопје, Тихомир Климовски

**1.12.2014**

На 1.12.2014 година во Салата на Советот на Град Скопје, Локално екомномскиот- социјален совет- ЛЕСС на Град Скопје, во соработка со проектот УСАИД наречен Младинска мрежа за стекнување вештини за врабоување (Мрежа ЈЕС), одржа панел на тема „Менторирање на ученици во компании – потреби и придобивки“ и промоција на Стратегијата на ЛЕСС на Град Скопје.

Со Советот претседаваше претседателот на Македонскиот полициски синдикат, Тихомир Климовски, а присуствуваа и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија-ССМ, д-р Живко Митревски и претседателот на Самостојниот синдикат за енергетика и стопанство на Македонија- ССЕСМ, Роберт СимоноскиАкцентот на дискусијата беше ставен на прашањето како да се подобри квалитетот на практичната настава изведена во компаниите од менторите- вработени во компаниите, како и од самите наставници и ученици.

Вториот дел од настанот беше искористен за промоција на Стратегијата на ЛЕСС на Град Скопје. ЛЕСС- Скопје е советодавно тело на Град Скопје и Советот на Градот Скопје, кое покрива прашања од социо- економската сфера, со акцент на проблемите поврзани со вработување на младите. Стратешкиот план (2014-2018) на град Скопје беше промовиран од страна на Претседвачот на ЛЕСС – Скопје, Тихомир Климовски.ЛЕСС Скопје е трипартитно тело кое е составено од синдикатите, работодавачите и општинската администрација на Град Скопје. На панелот присуствуваа и советници од Советот на Град Скопје, членови на ЛЕСС- Скопје, раководители на Општинската администрација, претставници од приватниот и невладниот сектор, како и претставници од проектот УСАИД- ЈЕС Мрежа, кој ги подржува економско социјалните совети во Македонија.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА Б.З.Р - СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ССМ-



**2.12.2014**

Согласно Програмата и Планот за БЗР за 2014 година и Законот за безбедност и здравје при работа, во Сојузот на синдикатите на Македонија, извршен е систематски преглед за сите вработени.

Согласно оваа програма се реализираат и други активности и едукации за вработените во ССМ.

# СЕДНИЦА НА СИНДИКАТОТ НА ДРВНА ИНДУСТРИЈА И ЕНЕРГЕТИКА НА Р.МАКЕДОНИЈА

**16.12.2014**

На 16.12.2014-та година, Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на Република Македонија - СШДЕ одржа состанок со претседателите на синдикалните организации и менаџментот на ЈП „Македонски шуми“.



Претседателот д-р Митревски и менаџерскиот тим на ЈП „Македонски шуми“

Во своето обраќање пред претседателите на синдикалните организации и членовите на претседателството, претседателот д-р Митревски, ги запозна присутните со новите измени на Законот за безбедност и здравје при работа, со кој се утврдуваат далеку значајни позиции на синдикатот во примена на одредбите за БЗР.

Истовремено претставниците ги информираше за активностите на синдикатот, одржаната седница на Управен Одбор на ЈП „Македонски Шуми“ , и прифаќањето на барањата за промена на ХТЗ опрема, која ќе биде реализирана согласно планот за јавна набавка. На последната Седница на Управниот одбор на барање на синдикатот беше разгледувана и анализата за утврдување на коефициентите и бодот за утврдување на платите во повеќе подружници (Тетово, Виница и др.)Членовите на синдикатот беа информирани и за тековните активности на синдикатот како и за приемот на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на Република Македонија- СШДЕ како членки во Европската федерација за градежништво и дрвна индустрија- EFBWW каде ќе ја претставуваат Република Македонија под уставното име пред синдикатите од земјите членки на ЕУ.

Од страна на генералниот директор на ЈП „Македонски шуми“, Жарко Караџоски, синдикалците беа информирани за новите активности на јавното претпријатие, кој во контекст на измените на Законот за шуми и кривичниот Законик предвидуваат голем број на новини, особено во шумо- чуварската служба, начинот на продажба на огревно и тековно дрво, реализација на средствата и дотурот, зајакнатата контрола и казнена политика во врска со шумските кражби, следењето на излезот и влезот на дрвната маса и др. новини значајни за работењето на претпријатието. На состанокот заеднички беше укажано на промените кои ќе следат во врска со усогласувањето на Законот за државна администрација и влијанието на законот врз решенијата за вработените во ЈП „Македонски шуми“.

На крајот од состанокот беше дефиниран општиот заклучок дека, социјалниот дијалог треба да се негува на високо ниво и да се елиминираат сите конфликти, тужби и постапки и останати дејствија во контекст на обезбедување на подобра материјална и социјална сигурност за вработените од ЈП „Македонски шуми“.

Општа е констатацијата дека транспарентноста и размената на информации и нивното проследување до сите вработени ќе овозможи и обезбеди поголемо разбирање за реформите и активностите во претпријатието.

# 14-ТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ССМ


Присутните на седницата

**25.12.2014**

Сојузот на синдикатите на Македонија на 25.12.2014 година, во Охрид, ја одржа Четиринаесетта седница на Советот на ССМ.

На оваа седница, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, ги информираше присутните членови за правната заштита за период од јануари до септември 2014 година, беше утврдена програмата за донесување на акти за одржување на 19-тиот Конгрес на ССМ, кој ќе се реализира наредната година и беше донесе одлука за Измена и дополна на Статутот на ССМ со која што Претседателите на Секцијата на жени и Секцијата на млади по функција стануваат членови во Советот на ССМ.

# ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО ВРАБОТУВАЊЕТО И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА



Претседателот д-р Митревски на своето обраќање

**17.12.2014**

На 17 декември 2014 година во Скопје, во Музејот на македонската борба, се одржа Иницијалниот состанок со кој се одбележа официјалното отпочнување и промовирање на новиот механизам на социјално- економскиот дијалог помеѓу Република Македонија и Европската унија, со што ќе се обезбеди нова фаза во односите и интензивирање на дијалогот помеѓу Европската комисија и Република Македонија, како земја кандидат за членство во Унијата.

На овој состанок присуствуваа г. Диме Спасов, Министер за труд и социјална политика, г. Фатмир Бесими, Заменик на Претседателот на Владата на РМ за европски прашања, претставникот на Европската комисија, г. Томас Бендер, Раководител на одделение, генерален директор за вработување, социјални прашања и инклузија и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски како и претставник на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија други претставници од работодавачите, Агенцијата за вработување во Р. Македонија, Министерство за финансии итн.

Во рамките на овој процес значително ќе се интензивира дијалогот по однос на програмите, политиките и реформите кои е потребно да се спроведат во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика, при што заеднички во соработка со Европската комисија, ќе се подготви еден значаен стратешки документ, т.н. Програма за реформи во вработувањето и социјалната сфера. Од страна на Европската комисија подготовката на документот е предвидена како еден стратешки процес, кој ќе го следи и придружува процесот на Европска интеграција на земјите- кандидати, како главен механизам на взаемен дијалог за приоритетите во областите на социјална политика и вработување и кој ќе биде структуриран согласно моделот на Стратегијата „Европа 2020“. Во изминатиот период Европската комисија веќе го иницираше овој процес на подготовка на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната сфера (ESKP) со земјите- кандидати со кои се отпочнати преговорите за членство во ЕУ - Турција, Србија и со Црна Гора. Министерот за труд и социјална политика,  Диме Спасов се обрати на Иницијалниот состанок со кој се одбележа официјалното отпочнување и промовирање на новиот механизам на социо- економскиот дијалог помеѓу Република Македонија и Европската унија. На состанокот свое обраќање имаше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски кој ги истакна предизвиците и приоритетите на ССМ при креирање на политиките и мерките во Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика. Претседателот д-р Митревски, истакна дека  „Сојузот на синдикатите на Македонија, со појавата на првите знаци на кризата, до Владата на Р. Македонија достави свои конкретни предлози и барања кои се однесуваа на субвенции за плати и работни места, како мерка насочена кон стопанството за зачувување на работни места и спречување на намалувањето на бројот на вработените, зголемување на инвестициите во инфраструктурата, истражувањето и развојот, јавните услуги и производството на здрава храна, што ќе овозможи отворање на нови работни места, воведување што повеќе програми за јавна работа, воведување на програми за вклучување на неформалната економија и работењето на црно во сферата на формално работење и вработување, промовирање на инвестирањето во човечките ресурси и овозможување подобри прилики и овозможување на стекнување нови вештини на работниците од сите старосни групи, воведување на повеќе услови за пензионирање, како еден од начините и можностите за вработување на млади лица. Во овој контекст согласно Програмата за работа на 18. Конгрес на ССМ, стекнатите искуства од досегашната реализација на едукативните активности во ССМ, и потребата од нивно натамошно координирано одвивање, развивање и приспособување на новите услови, стандарди, потреби и интереси на ССМ и синдикатите, ССМ  е во фаза на формирање на Центар односно Институт за обука и едукација. Исто така истакна дека заложбите на ССМ ќе бидат високо ценети од страна на европските партнери и дека истите нема да бидат само декларативни, односно соработката ќе биде на едно високо ниво што значи дека европските партнери при спроведување на проектите ќе ги користат услугите на Центарот. На крајот тој ја поздрави и поддржа идејата на Европската комисија да не вклучи во еден ваков вид на механизам на економско-социјален дијалог помеѓу Република Македонија и Европската унија.

# ПОТВРДА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕКЦИЈАТА НА МЛАДИ И СЕКЦИЈАТА НА ЖЕНИ ВО ССМ

**30.12.2014**

Сојузот на синдикатите на Македонија на својата Четиринаесетта седница на Советот на ССМ, која се одржа на 25.12.2014 година во Охрид, донесе одлука за Измена и дополна на Статутот на ССМ со која што се потврдува значењето на Секцијата на жени и Секцијата на млади за развој на синдикалното движење и Претседателите на Секцијата на жени и Секцијата на млади по функција стануваат членови во Советот на ССМ.

ССМ го следи трендот на европските и светските синдикални движење односно на Меѓународната конфедерација на синдикатите- ИТУЦ и Европската конфедерација на синдикати- ЕТУЦ.

# ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈА ПОТВРДИ ЛЕГИТИМНОСТА НА ШТРАЈКОТ ВО

**30.12.2014**

Врховниот Суд на Република Македонија ја отфрли со Решение ревизијата поднесена од страна на Мермерен Комбинат АД Прилеп во врска со штрајкот организиран од Синдикатот на ден 19-22.11.2012-та година. Со тоа, на судскиот процес се става крај во корист на СГИП додека за членовите на синдикатот ова е почеток за остварување на правата од работен однос.Синдикалната организација на Мермерен Комбинат АД Прилеп преку Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија – СГИП конечно доби одлука со која ја докажа легитимноста на штрајкот и барањето на работниците за своите економско- социјални права, загарантирани во Законот за работни односи и Уставот на Република Македонија. Целиот процес започна во месец Ноември 2012-та година со поднесување тужба од Мермерен Комбинат АД Прилеп за прогласување на два штрајка за нелегитимни, како и за надомест на штета од 1,5 милиони денари.Ова решение е од историско значење, затоа што за прв пат во Република Македонија е тужен синдикат за организирање штрајк.

За потсетување, барањата за двата штрајка во Мермерен Комбинат АД Прилеп, кои беа организирани во 2012-та година, беа за зголемување на платите, кои не беа променети десет години, а трошоците на живот беа зголемени за 30 отсто и компанијата работеше профитабилно. Менаџерскиот тим на компанијата реагираше со тужбени барања за нелегитимност на штрајковите и за претрпена штета поради прекините за време на штрајковите.За членовите на СГИП најважно е што СГИП преку СО Мермерен Комбинат АД Прилеп ќе прави напори за подобрување на правата од работен однос преку Колективниот договор, потпишан за време на штрајкот, каде се регулирани работните односи и е отворен пат за дијалог на највисоко ниво со раководството на Мермерен Комбинат АД Прилеп.

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски претседателот на Синдикатот за индустрија и енергетика на Р. Македонија, Пеце Ристевски со дел од синдикалното раководство од повеќето организации и делови од АД „ЕМО“- Охрид, имаа работна средба со министерот за економија од Владата на Р. Македонија, Беким Незири.

# РАБОТНА СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА И СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА АД „ЕМО“- ОХРИД



Претседателот д-р Митревски со претседателот на СИЕР и со синдикалните претставници од АД „ЕМО“- Охрид

**12.12.2014**

Средбата се одржа во просториите на Министерството за економија по иницијатива од страна на синдикалните организации во рамките на акционерското друштво, околу разрешување на проблемот со исплата на платите и придонесите на околу 185 вработени.

На средбата беше договорено да се направи детална анализа во работењето на друштвото, да се утврдат најновите понуди за стратешки партнер и за проблемот да се донесат соодветни заклучоци од страна на Владата за кои ќе бидат информирани синдикатите во рок од 10 дена.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Скопје**

На 10.12.2014 година присуство на 4-тата Седница на ЛЕС во општина Гази Баба.

**РСП Куманово**

Присуство на Саемот за вработување, одржани средби со вработените во Фабриката за заварени цевки и профили, кои од 22.12.2014 се во штрајк, заради неисплатени плати и придонеси.

Одржана средба со вработените во Локална самоуправа и претседателот на УПОЗ, Пецо Груевски.

**РСП Прилеп**

На 25.12.2014 година во Скопје се одржа протест на вработените од Еурокомпозит АД Прилеп заедно со вработените од ЕМО Охрид. На 27.12.2014 повторно се донесе Одлука за стапување во штрајк на вработените во Еурокомпозит, заради неисплатени плати и придонеси. Штрајкот е активен од 29.12.2014 година.

Учество во преговори за условите под кои работниците од Тутунски Комбинат АД Прилеп ќе бидат прогласени за технолошки вишок, како и за отпремнините кои ќе треба да ги добијат.

Учество на Трибина организирана од Здружението за заштита при работа од Битола одржана на 24.12.2014 година во Прилеп .

Одржана средба со вработени во Управата за јавни приходи, заради нивно зачленување во синдикатот на УПОЗ и состанок со претседателот на синдикалната организација во ЈПК Комуналец Прилеп, заради нередовно исплаќање на платите.

**Синдикална канцеларија Гостивар**

Пружена правна помош на вработен од Пелагонија АД Гостивар.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374
е-маил: info@ssm.org.mk
web: www.ssm.org.mk